ГРАЃАНИ ЗА ЕВРОПСКА МАКЕДОНИЈА
www.gem.org.mk

# ОВОЈ ПАТ НЕМА ДА ПОМИНЕТЕ!

Власта нè води во пропаст. Не дека тоа е нешто ново, но деновиве работите добиваат застрашувачко забрзување. Тепачката меѓу младите Албанци и Македонци на Кале е само уште еден грозен доказ за природата на актуелната власт. Таканаречениот „музеј-црква" е уште еден од многубројните подметнати пожари од страна на оние кои се подготвени на сè за да останат на власт барем ден повеќе. Потпалувај за да можеш да гасиш - така гласи директивата на денот кој Груевски и Ахмети ни го направија потемен од ноќта.

Ние, „Граѓаните за европска Македонија", нема да го гледаме со скрстени раце „палењето на Рајхстагот". Нема да фаќаме засолништа и да си гледаме сеир при новите обиди да ја запалат Македонија. Ќе се противставиме. Пред сè, со збор, така како што се боревме против груевизмот изминативе три години. На разумот, храброста и патриотизмот во нашата земја не им преостанува ништо друго освен да му се противстават на груевизмот. Жестоко да ѝ се противстават на власта која во последната фаза на своето дивеење сака да ја повлече со себе целата земја. Ќе мора да ѝ застанеме на патот на врхушката која со пожари сака да ја угасне светлината во балканската крчма. За да не се знае кој е тепачот, а кој тепаниот, кој е пијаниот, а кој е збунетиот.

Познат ни е начинот на кој Груевски досега ги „решаваше проблемите": малите проблеми ги надминуваше создавајќи поголеми. Истата стратегија „пастирот" ја употреби и по историскиот пораз на Република Македонија во Букурешт, пред три години. За поразот (прогласен за патриотски дострел од неговите извртувачи-пропагандисти) Груевски беше награден од народот со речиси апсолутна власт. Сега груевизмот се готви за истата маневра. По сите понижувачки порази што земјава ги претрпе последниве пет години, ни следи уште еден. Со него треба, како со волшебна гумичка, да биде избришано петгодишното дивеење и пустошење на забеганата власт. Уште еднаш ќе треба да се испотепаме, за да ги заборават нашите окрвавени глави вчерашните лажни ветувања за побогата, поправедна и европска Македонија.

Наместо јасни визии за иднината на земјата, по поразот во Букурешт груевистите ни понудија национално да се „преродиме" во „Скопје 2014". На граѓаните им понудија мегаломански идеи за некакво национално величие, а за себе ги приграбија провизиите од договорите вредни стотици милиони евра. Патриотизмот ни се објави како последно прибежиште на дузина никаквеци.

Случајот со ТВ А1 и трите опозициски весници покажа дека власта се обидува да ги уништи сите што не мислат како неа. Денес во Македонија јавната кауза е поништена од теророт на власта. Наместо јавниот, владее бандитскиот интерес. Профитите на тајфите го мелат општествените интереси. Центрифугата на семоќната партиска држава голта сè; независноста и автономијата не се дозволени веќе никаде. Дури ни во културата, а не пак во образованието, економијата или во медиумите!

Почитувани граѓани на Република Македонија, сакаме уште еднаш да ви порачаме: самите си ја кроиме сопствената судбина. Ако уште еднаш дозволиме да нè изиграат најмрачните политички сили - тогаш тоа и сме го заслужиле. Наместо да се гнетеме по етничките и верските трла, време е најпосле јасно и гласно да им порачаме на груевистите и на другите потпалувачи: **Овој пат нема да поминете!**

Скопје, 18 февруари 2011

Објавувањето е овозможено со финансиска поддршка од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија